**До: Општина Демир Хисар** [redacted]
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022? Доколку се организирани ве молиме во прилог да ја доставите одлуката за распишување на изборите за месна самоуправа.**
2. **На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022? Ве молиме во прилог да го доставите повикот за избори на МС.**
3. **Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС?**
4. **Колкав е вкупниот бројот на граѓани кои биле присутни на собирите на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
5. **Колкав е вкупниот број на избрани претседатели на МЗ и УЗ? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
6. **Колкав е вкупниот број на избрани членови во советите на МС? Ве молиме податоците разделете ги по пол.**
7. **Кога последен пат е распишан повик за избор за месна самоуправа на територија на вашата општина, доколку не се организирани избори за МС во 2022?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 09.01.2023 година** ________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Датум: 10.01.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 10-06/1 од 09.01.2023

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 09.01.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со избори во месната самоуправа во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] Скопје имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со избори во месната самоуправа во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 09.01.2023 година, со број 10-06/1, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 09.01.2023 година под архивски број 09-26/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 10.01.2023 година, под бр. 09-26/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

________________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

-Во Општина Демир Хисар во 2022 година не се организирани избори за месна самоуправа.

Последните избори за избор на органи на месна самоуправа се организирани и реализирани во 2021 година и избраните имаат мандат од четири години.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

----------------------------------------------